# ДОГОВОР

## За интернет пристап

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
Примено: 19. 07. 2013
| Орг. един. | Број | Прилог | Вред. ост. |
| --- | --- | --- | --- |
| Уп1-Бр.1605 | 138 | 3 | |


Склучен на ден ___________20__ година во Кичево помеѓу:

1.Друштвото за телекомуникации и услуги Адвансед Дигитал Нетворк-АДН од Кичево Со седиште на адреса Ул.„Александар Македонски„ бб. БЦ „Арабела„ –Кичево застапувано од управителот ___________________во понатамошен текст:АДН

2.____________________________________со седиште на адреса:____________________

Застапувано од:_________________________(во понатамошниот текст:КОРИСНИК)

### Чл.1

АДН на корисникот ќе му обезбедува симетричен интернет со минимална загарантирана брзина и цена дефинирани во прифатената понуда

- брзина за Download во пристапен дел:__1.5___Mbps и брзина за Uload во пристапен дел:__512___ Kbps
- цена:_______________денари

### Чл.2

Корисникот пристапот на Интернет ќе го користи за свои потреби и своето право на користење не може да го отстапи на други корисници.

Договорот се склучува за време од __1__година,__2___години ,на _неопределено___време

### Чл.3

Корисникот се обврзува вредноста да ја подмирува на месечната сметка за сервисот и услугите (дефинирани во чл.1) на крајот од секој месец врз основа на фактура доставена од АДН а најдоцна до 15 во наредниот месец.Месечната сметка (фактура) ќе биде пресметана со последниот датум од тековниот месец.

Доколку корисникот не врши уплата во предвидениот рок АДН по предходно писмено известување на корисникот,има право да го прекине сервисот,додека за неподмирениот долг ќе се пресметува законска затезна камата.

Корисникот е должен да го извести АДН за било какви промени на корисникот.

### Чл.4

АДН се обврзува да го одржува квалитетот постојано на високо ниво и да обезбедува непрекинатост на услугата дефинирана во чл.1 од овој договор.

АДН ќе ги врати паричните сретства на корисникот во следниве случаеви:

- Во случај на привремен прекин на сервисот,поради било какви пречки а не по вина на корисникот,АДН врши враќање на паричните сретсва за износ пропорционален на деновите кога немал пристап на интернет доколку прекинот траел повеќе од 48 часа.Износот ќе биде одбиен во наредната сметка без да биде побарано од страна на корисникот
- Во случај на основен приговор од страна на корисникот за утврдена грешка при обработка на податоците АДН ќр врши корекција на следната фактура.
- Во случај на престанок на услугата не по вина на корисникот АДН ќе изврши враќање на сретствата кои биле уплатени како аванс.

АДН не сноси одговорност за настанати можни загуби или промени на податоци во следниве случаеви:

- Поради неправилна работа на опремата на корисникот
- Планирани прекини за кои корисникот е навремено известен
- Поради дејство на природни појави

Чл.5

АДН обезбедува постојано надгледување на услугата 24/7 со користење на Radius Manager мониторинг систем.Во случај на било каков прекин на услугата техничките лица во најкраток рок се известуваат за местото и природата на дефектот и веднаш пристапуваат на санирање на дефектот.
Доколку се појавува прекин на сервисот кој не може да се регистрира од мониторинг системот на АДН,корисникот е должен да го пријави прекинот за да може да се отстрани дефектот.Рок за остранување на дефектот е 24 часа од моментот на пријавување на дефектот.
Во случај на прекин на услугата настаната поради дефект за кој АДН не е одговорен, АДН го известува корисникот за очекуваното време на отстранување на дефектот и повторно воспоставување на услугата.
Броевите за грижа на корисници на АДН се:045/550505 и 045/550506

Чл.6

Договорот продолжува по автоматизам по исртекот на истиот.АДН треба во рок не пократок од 15 дена пред истекот на постојниот договор,да го извести корисникот
И во известието да ги наведе и евентуалните промени на услугата.

Чл.7

Корисникот има право на приговор во врска на услугата на АДН.Тој се поднесува во рок од 15 дена по завршувањето на активностите кои се предмет на овој договор.Приговорот се поднесува писмено и се доставува на адреса на АДН
Ул.„Александар Македонски„ бб
ТЦ „Арабела„-Кичево
Тел.бр.045/550-505 и 045/550506

АДН во рок од 15 дена по приемот на приговорот,треба да одлучи и писмено да го извести корисникот со детално образлошение на Одлуката на АДН и со правна поука до корисникот.Доколку корисникот не е задоволен од одлуката на АДН,има право да побара заштита на своите права од Агенцијата за електронски комуникацииво рок од 35 дена од денот на поднесувањето на приговорот до АДН.
Агенцијата за електронски комуникации одлучува по приговорот на корисникот во рок од 42 дена од денот на приемот.
Бројот на контакт центарот на АЕК е 190.

Чл.8

АДН и корисникот имаат обврска сите деловни податоци дознаени во текот на соработката да ги чуваат како деловна тајна за времетраењето на овој Договор и 2 години по изтекот на овој Договор.

Чл.9

АДН треба да го извести корисникот за планираните измени на условите наведени во Договорот најмалку 30 дена пред воведувањето на измените.Известувањето треба ги содржи сите планирани измени на услови наведени во Договорот,како и правата на корисникот дека во наведениот рок (најмалку 30 дена од денот на известувањето) без последици може да го раскине договорот без последици,доколку не се согласува со предложените измени.

Чл.10

Договорените страни се согласени за сите дополнителни прашања и евентуални измени да склучуваат анекс договори со кои поблиску ќе ги дефинараат истите.

Чл.11

Договорот може да се раскине по барање на една од страните ако настанало неисполнување на договорените обврски со предходно писмено известување и со отказен рок од 30 (триесет) дена.
Договорот се смета за раскинат по истекот на отказниот рок кој почнува да тече наредниот ден по приемот на писменото известување.
Предвремено раскинување на договорот од страна на корисникот и по негова вина,корисникот се обрзува да плати надомест за преостанатиот дел од договорот за секој преостанат месец од договорот 1,200,00 ден

Чл.11

Овој Договор влегува во сила на __________20___година
Рокот за приклучување е 10 дена од потпишување на Договорот

Чл.12

За евентуалните спорови кои би настанале во врска со одредбите на овој Договор,надлежен е Основниот суд во Кичево.

Чл.13

Овој Договор е составен во 2 (два) еднакви примероци од кои по 1 (еден) примерок за секоја договорена страна

За ДТУ АДН –КИЧЕВО
УПРАВИТЕЛ,

______________________

К О Р И С Н И К

______________________
/ потпис на корисникот /